**20252484824**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 39/22 и 130/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 декември 2025 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА(*)

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21, 197/21, 292/21, 78/22, 188/22, 218/22, 25/23, 74/23, 166/23, 202/23, 275/23, 91/24, 258/24, 62/25 и 189/25), во член 1 во ставот (2) по бројот „513“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 514, се додаваат два нови Прилози 515 и 516, кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1042/8
9 декември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

*Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32025R1220 и CELEX бр. 32025R1221.

**Прилог 515**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 1220/2025** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е смеса во форма на прав со следниот масен удел:<br><br>— 60-80 % сахароза (шеќер);<br><br>— 20-40 % гелан гума (природен полимер).<br><br>Сахарозата ги стандардизира својствата за згуснување и стабилизирање на гелан гумата. Покрај тоа, делува и како средство против згрутчување и спречува создавање на грутки за време на примената.<br><br>Производот е наменет да се употребува со приближно 0,1 % тежински удел, како стабилизатор и згуснувач во пијалоци на база на соја. | **2106 90 98** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1(б) на Глава 38 и наименуванијата на тар. број 2106, 2106 90 и 2106 90 98.<br><br>Значителниот додаток на сахароза е повеќе од само стандардизација на својствата на гелан гумата и служи за полесна употреба на производот кај пијалоци на база на соја. Следствено, производот е особено погоден за специфична употреба кај прехранбени производи, а не за општа употреба. Оттука, распоредување на производот во тарифен број 3913 е исклучено (видете ја Коментарска забелешка на Хармонизираниот систем за тарифен број 3913, под (1), претпоследен став).<br><br>Производот во поголем дел е составен од сахароза, супстанција со нутритивна вредност и истиот е од вид на производ што се употребува во подготовка на прехранбени производи за човечка употреба. Затоа, производот е исклучен од Глава 38 со примена на Забелешка 1(б) кон оваа Глава.<br><br>Оттука, производот треба да се распореди во тарифен подброј 2106 90 98 како други прехрамбени производ, неспомнати ниту опфатени на друго место. |

**Прилог 516**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1221/2025** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| Газиран темноцрвен алкохолен пијалок со вкус и арома на црна рибизла, кој содржи 14,5% волуменски алкохол.<br><br>Се произведува со мешање на алкохолна течност со газирана безалкохолна течност во волуменски пропорции од приближно 76% и 24%, соодветно.<br><br>Алкохолната течност се прави со мешање на ферментиран сок од јаболко со пречистен етил алкохол, глукозно-фруктозен сируп, лимонска киселина и вода. Има силен алкохолен мирис и вкус, но нема мирис и вкус на ферментиран пијалок произведен од сок од јаболко. Газираната безалкохолна течност содржи вода, глукозно-фруктозен сируп, јаглерод диоксид, лимонска киселина, арома на црна рибизла, конзерванси и бои (Е122, Е151).<br><br>Ферментираната алкохолна компонента во производот учествува со 54%, а пречистениот алкохол со 46% од вкупната содржина на алкохол.<br><br>Финалниот производ има мирис и вкус на црна рибизла и е наменет за директна употреба. Се продава на мало како алкохолен пијалок со вкус на црна рибизла во пластични шишиња од 0,5 л. | **2208 90 69** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванијата на тар. број 2208, 2208 90 и 2208 90 69.<br><br>Алкохолната течност употребена во финалниот производ нема ниту вкус ниту мирис на пијалок произведен од одредено овошје или од природен производ, и затоа нема да го задржи карактерот на производ опфатен во тарифен број 2206. Затоа, финалниот производ не може да се распореди како ферментиран пијалок или како мешаница на ферментиран пијалок и безалкохолен пијалок од тарифен број 2206 (видете ги и Коментарските забелешки на Хармонизиран систем за тарифен број 2206, трет став, и Коментарска забелешка на Комбинираната номенклатура за тарифниот број 2206 00).<br><br>Оттука, производот ќе се распореди во тар. подброј 2208 90 69 како други алкохолни пијалоци во садови со зафатнина од 2 литри или помала. |